РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-243
30.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), член 121 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија”, бр.124/15) и член 42 став 1 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-243 од 30.08.2024 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г. („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.159/24), а согласно Заклучокот, бр.02-3595/5 од 30.08.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 34-та седница одржана на 30.08.2024 г. донесе

# ОДЛУКА

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, најдоцна до 03.09.2024 г., да ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 4.465,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, во Службен весник на Република Северна Македонија (РСМ), бр.159/24 – по Фактура бр.7125-6849/27 од 06.08.2024 г.;
- да ги плати трошоците во износ од 41.981,00 денар, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура бр.34052/2024 од 31.07.2024 г. (наш арх.бр.05-3535/1 од 22.08.2024 г.) и Фактура бр.2410300835 од 31.07.2024 г.;
- да ги плати трошоците во износ од 1.083,00 денари, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.08-218 од 08.08.2024 г., во Службен весник на РСМ, бр.167/24 – по Фактура бр.7392-6849/27 од 15.08.2024 г. (наш арх.бр.05-3539/1 од 22.08.2024 г.);

- да ги плати трошоците во износ од 4.465,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., во Службен весник на РСМ и

- да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 29.08.2024 г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г.

3. Фактурата бр.2024-100-0148 од 30.05.2024 г. (наш арх.бр.05-2565/1 од 30.05.2024 г.) за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 27.05.2024 г. заклучно со 26.05.2025 г., радиодифузерот во целост ја плати на 22.08.2024 година. Фактурата бр.2024-100-0171 од 05.08.2024 г. (наш арх.бр.05-3390/1 од 05.08.2024 г.) која се однесува само за периодот на работење, односно до денот на донесувањето на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., ќе се сторнира.

4. Оваа одлука стапува во сила на ден 04.09.2024 г., под услов Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски кон Агенција, содржани во точката 2 од оваа Одлука и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, не ги исполни обврските содржани во точката 2 од оваа Одлука во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г.

5. По стапувањето во сила на оваа одлука, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, се запишува во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

6. Оваа Одлука се објавува во Службен весник на РСМ, и на веб страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата на првото продолжение на 30-та седница одржана на 24.07.2024 г., согласно Заклучокот, арх.бр.02-3159/2 од 24.07.2024 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., поради тоа што радиодифузерот не ги исполни минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 21 од истиот Правилник) и не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2024-100-0148 од 30.05.2024 г. - наш арх.бр.05-2565/1 од 30.05.2024 г. (член 80 став 5 од ЗАВМУ).

Радиодифузерот на 22.08.2024 г., во целост ја плати Фактурата бр.2024-100-0148 од 30.05.2024 г. (наш арх.бр.05-2565/1 од 30.05.2024 г.) за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 27.05.2024 г. заклучно со 26.05.2025 г. Фактурата бр.2024-100-0171 од 05.08.2024 г. (наш арх.бр.05-3390/1 од 05.08.2024 г.) која се однесува само за периодот на работење,

односно до денот на донесувањето на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., ќе се сторнира.

На 26.08.2024 г. до Агенцијата од страна на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица беше доставено Известување Уп1 бр.08-204 од 27.08.2024 г., дека се усогласил со сите законски и подзаконски прописи за работењето на радиодифузерот, односно ги исполнил минималните кадровски услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, како и извршил уплата на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско емитување и во прилог достави копија од Тужба за поведување на управен спор, до Управниот Суд на РСМ, против Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, без доказ дека е доставена до Управниот суд на РСМ.

На 29.08.2024 г., Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица достави примерок од поднесената Тужба со приемен печат од Управниот суд на РСМ (Уп1 бр.08-204 од 29.08.2024 г.).

За горенаведеното, од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, беше доставено Известување арх.бр.03-3617/2 од 30.08.2024 г. дека радиодифузерот ги исполнил минималните кадровски услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Согласно законската можност содржана во член 121 од Законот за општа управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управните спорови, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, најдоцна до 03.09.2024 г. треба да ги исполни следните финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 4.465,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, во Службен весник на РСМ, бр.159/24 – по Фактура бр.7125-6849/27 од 06.08.2024 г.;
- да ги плати трошоците во износ од 41.981,00 денар, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г., во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура бр.34052/2024 од 31.07.2024 г. (наш арх.бр.05-3535/1 од 22.08.2024 г.) и Фактура бр.2410300835 од 31.07.2024 г.;
- да ги плати трошоците во износ од 1.083,00 денари, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.08-218 од 08.08.2024 г., во Службен весник на РСМ, бр.167/24 – по Фактура бр.7392-6849/27 од 15.08.2024 г. (наш арх.бр.05-3539/1 од 22.08.2024 г.);
- да ги плати трошоците во износ од 4.465,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г. во Службен весник на РСМ и
- да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 29.08.2024 г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г.

Доколку Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, не ги исполни наведените обврски, во утврдениот рок, останува во сила Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. за одземање на дозволата Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г.

Имајќи предвид дека Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, со уплатата од 22.08.2024 г. на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско емитување во износ од 278.538,00 (двесте седумдесет и осум илјади петстотини триесет и осум) денари, и со исполнувањето на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а согласно Известувањето од Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права арх.бр.03-3617/2 од 30.08.2024 г., Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, во целост ги отстранил причините, односно законските пречки поради кои Советот на Агенцијата ја донел Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г.

Согласно член 121 од Законот за општата управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управни спорови, Советот на Агенцијата, го усвои Предлогот Уп1 бр.08-243 од 30.08.2024 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г., за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 г. и на 34-та седница, одржана на ден 30.08.2024 г. согласно со Заклучокот арх.бр.02-3595/5 од 30.08.2024 г., донесе Одлука со која се пристапи кон поништување на Одлуката Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 г. на Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, бр.08-816 од 07.09.2023 г.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

___________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;
-Управителот на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ и
- Архивата на Управен Суд на РСМ.